| **Билјана Балева – одделенски наставник** | ➢ Учество во проектот „Започни ја промената“ - Македонски центар за граѓанско образование, Декември 2021 год. – Јуни 2022 год; |
| **Светлана Симоновска – одделенски наставник** | ➢ Учество во проектот „Започни ја промената“ - Македонски центар за граѓанско образование, Декември 2021 год. - Јуни 2022 год;<br>➢ Тестатор на општинскиот натпревар по математика - Сојуз на математичари на Македонија, 19.02.2022 год;<br>➢ Тестатор на Регионален натпревар по математика - |

| | |
|---|---|
| | Сојуз на математичари на Македонија, 26.03.2022 год. |
| **Сања Боцеска – наставник по математика** | ➢ Учество во проектот „Започни ја промената“ - Македонски центар за граѓанско образование, Декември 2021 год. - Јуни 2022 год;<br>➢ Тестатор на општински натпревар по математика - Сојуз на математичари на Македонија, 19.02.2022;<br>➢ Координатор на регионален натпревар по математика - Сојуз на математичари, 26.03.2022;<br>➢ Participation in the policy lab „Students' participation – a path towards an inclusive and democratic society“ - Forum for Freedom in Education, 28.03.2022 и 29.03.2022. |
| **Александар Цветаноски – наставник по историја** | ➢ ЕДУИНО вебинар „Вовед во формативно оценување“ 10.05.2022;<br>➢ ЕДУИНО вебинар „Вовед во наставни компетенции со технолошка поддршка на наставата“ 25.05.2022;<br>➢ ЕДУИНО вебинар „Вовед во педагошки пристап кон инклузивно, дигитално и комбинирано учење за сите ученици“. |
| **Катерина Љотевски – наставник по биологија** | ➢ Сертификат за стекнати знаења на ЕДУИНО вебинарот: Оценување за време на хибридна настава - креирање рубрики како дел од формативното оценување 27.10.2021;<br>➢ Сертификат за стекнати знаења на ЕДУИНО вебинарот: Превртена училница - концепт, стратегии и потребни ресурси за спроведување 20.10.2021;<br>➢ Сертификат за стекнати знаења на ЕДУИНО вебинарот: Како да се воведат целите за одржлив развој во наставата - практични примери и активности 04.11.2021;<br>➢ Сертификат за стекнати знаења на ЕДУИНО вебинарот: Дизајнерско размислување (design thinking) како наставен метод за ученици од основно и предучилишно образование 17.11.2021;<br>➢ Сертификат за стекнати знаења на ЕДУИНО вебинарот: Интердисциплинарен пристап во наставата за климатските промени 10.11.2021;<br>➢ Сертификат за стекнати знаења на ЕДУИНО вебинарот: Училишна клима и курикулум – Градење на училишна клима и култура + сесија за Развој и воведување на слободни изборни предмети и воннаставни активности 01.12.2021;<br>➢ Сертификат за стекнати знаења на ЕДУИНО вебинарот: Вовед во наставни компетенции со технолошка поддршка на наставата 25.05.2022;<br>➢ Сертификат за стекнати знаења на ЕДУИНО вебинарот: Вовед во формативно оценување 10.05.2022;<br>➢ Сертификат за стекнати знаења на ЕДУИНО вебинарот: Вовед во педагошки пристапи кон инклузивно, дигитално и комбинирано учење за сите ученици 17.05.2022;<br>➢ DIG-ED сертификат за учество на вебинар „Придобивки и предизвици од реализацијата на онлајн наставата“ на 06.10.2021; |

| | |
|---|---|
| | ➢ DIG-ED сертификат за учество на вебинар „Реализирани активности во рамки на Stem Discovery Campaign“ на 18.5.2022. |
| **Светлана Вељаноска наставник по македонски јазик** | ➢ Водење на училишна библиотека во текот на целата година;<br>➢ Вовед во наставни компетенции со технолошка поддршка на наставата 25.05.2022;<br>➢ Вовед на педагошки пристап ,инклузивно,дигитално и комбинирано учење за сите ученици 05.05.2022;<br>➢ Чекори за поднесување игровна активност на новиот повик Ран детски развој 16.05.2022. |
| **Билјана Младеновиќ - одделенски наставник** | ➢ Координатор и учество во проектот „Започни ја промената“ - Македонски центар за граѓанско образование, декември 2021 год. - Јуни 2022 год;<br>➢ Следен ЕДУИНО вебинар: Превртена училница - концепт, стратегии и потребни ресурси за спроведување 20.10.2021. |

## СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВАТА

Соработката меѓу учениците, наставниците и родителите се одвиваше низ толеранција, солидарност и почитување на индивидуалноста и интегритетот на личноста. Училиштето практикува професионално ниво на соработка со родителите.

Соработката со родителите во текот на учебната година се остваруваше физички и онлајн, преку: општи родителски средби на паралелка, индивидуални средби со родителите, телефонски и писмени контакти, состаноци на Советот на родители, семејно советување, работилници со родители на критични групи ученици, информирање и вклучување во проекти и работилници кои се реализираа во училиштето. На општите родителски средби и индивидуални разговори третирани се прашања директно поврзани со животот и работата на учениците во училиштето (успех, дисциплина), подобрување на условите за работа во училиштето и ученичкиот стандард, исхраната. Исто така, во соработка со родителите се работеше и на помош на некои ученици за надминување на пројавените проблеми и слично. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализирани во училиштето.

Училиштето ги вклучува родителите при реализацијата на посети, воннаставни активности, натпревари, приредби, манифестации, промоции, разновидни акции, вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиштето и др.

Советот на родители го сочинуваат родители на учениците од сите паралелки. Советот ги разгледува прашањата од областа на воспитно – образовната работа на училиштето. Во учебната 2021/22 година, Советот на родители одржа неколку средби на кои родителите беа уредно информирани за актуелните состојби во нашето училиште. Родителите учествуваа во избор на компанија за осигурување, фирма за фотографирање, организирана исхрана за ученици, организирање екскурзии, посети и излети за учениците.

Во учебната 2021/22 година, родителите има активно учество во создавање безбедна клима од аспект на намалување на насилството во училиштето. Тим од претставници на родители, директор, стручен соработник и наставници, учествуваа во изготвување прашалници и анализа на состојбата со насилството во училиштето. Од спроведените прашалници направена е детална анализа која ќе послужи за определување стратегии за работа со ученици, наставници и родители. Во второто полугодие, во месец април, според Упатството за постапување и заштита на ученик жртва, децата преку цртеж, порака или есеј можеа да се искажат на следните теми: 1. „Како да израдувам, помогнам, утешам“; 2. „Подај

рака насилство спречи се со љубов се лечи!“; 3. „И јас можам да го спречам врсничкото насилство!“.

# ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ БР.1 ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОР (АНДРЕЈА СТОЈАНОВ)




Директорот , Андреја Стојанов е во постојана релација и комуникација со вработените, учествува во нивната работа и го следи наставно – воспитниот процес во двете училишта, централното и подрачното. Тој е во постојана и отворена соработка со Советот на родители и Училишниот одбор како претставителни тела, учествува на состаноци, ја координира работата на наставниот и ненаставниот кадар и распоредот на вработените. Успешно го менаџираше работењето на училиштето, покрај физичките средби при реализација на работните обврски има воспоставено редовна онлајн комуникација со сите вработени лица, од наставен и ненаставен кадар, организираше состаноци, консултации и совети преку многубројни онлајн платформи, со што се обезбеди тековно, непречено водење на работата, предавањето и координација меѓу наставниците. Со цел заштита на здравјето на вработените сите активности се организирани според протокол, почитувајќи ги сите мерки и прописи со вршење на задачите, со целосна заштита, во претходно дезинфицирани простории. Во училиштето создаде поволна клима за соработка помеѓу наставниот и раководниот кадар. Успешно учествуваше во реализација на наставните часови. Тој постојано учествува во реализација на тековните активности и проекти кои ги има зададено според Годишната програма за работа, како и активностите извршени од училишните секции, гостување на настани, тв програми, фестивали. Беше дел од проектот “Започни ја промената “и “Е Twinning”, ЕРАЗМУС+ и други активности.





Учестваше во тимовите кои подготвуваа апликација за сензорна соба, како и ЕРАЗМУС+ апликацијата која оваа година успешно се реализира. Одржани се и состаноци со претставници на МОН, БРО, ДПИ за образовниот процес.



Преку проекти на МОН и Европски фондови училиштето е опремено со пристапни рампи, тактилни плочи, соодветен тоалет за лица со хендикеп, а во периодот што следи ќе се монтира и лифт. Исто така, опремена е Сензорна соба со донација на приватна фирма и Општина Кисела Вода. Во училиштето е изведена реконструкција на кров, па така, наместо стариот азбестен кров има нов лимен со добра изолација и фасада и истиот е финансиран од проект воден од



МОН. Оваа реконструкција допринесува училштето да е комплетно енергетски ефикасно.

За потребите на училиштето и полесна реализација на програмските цели, а според новата Концепција за основно образование, набавени се потребните дидактички материјали за предметите по природни науки, биологија, хемија и физика. Преку Општина Кисела Вода се добиени четири смарт табли за поуспешна реализација на наставата. Во соработка со фондацијата „Чекор по чекор“ училиштето учествуваше во проектот Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран, и е аплицирано за набавки на наставни материјали и опремување на сензорна соба. Добиени се дидактички материјали за потикнување на сензорната интеграција и олеснување на наставата за децата со ПОП и децата со потешкоти.



На 26.05.2022 година, во чест на 70 години од владеењето на Кралицата Елизабета и 30 години соработка на двете држави Р.С. Македонија и Кралството Велика Британија, нашето училиште оствари соработка со Британската Амбасада и зеде учество со хорот.



Во период од почетокот на учебната година, Директорот на училиштето има реализирано повеќе активности во поглед на подобрување на инфраструктурата на училиштето, и така ќе продолжиме и наредната учебна година кога ќе се посветиме на подрачното училиште и подобрување на условите во истото. Со целосно вложување на сиот потенцијал, ООУ „Кузман Јосифовски – Питу“ претставува синоним за успешно училиште.



## ПРИЛОГ БР.2 ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТА НА СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК ПСИХОЛОГ (ЗЛАТА АНЧЕВСКА)

Во период од 23.09.2021 – 31.12.2021 година психологот беше на боледување, и во тој период се реализираа одредени активности кои произлегуваа од планираните подрачја за работа.

1.РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

Во рамките на проектот „Започни ја промената“ формирана е група ученици и определена тема за работа. Организирани се 5 работилници со учениците на кои се дискутираше за потребите на учениците во адолесцентна возраст и важноста од социо – емоционалниот развој. Со 30 ученици од 8-мо и 9-то одделение, организрана е средба со учениците од Италија во рамките на проектот e-Twininng. Во координација со класните раководители , обавени се повеќе индивидуални и групни советодавни средби со ученици. Со учениците се дискутираше за создавање позитивна клима и кохезија во паралелките, потребите за унапредување на

менталното, социјалното и физичкото здравје. Во индивидуалната работа се интервенираше на подобрување на мотивацијата, концентарцијата и внимание кај учениците со потешкотии. Кај неколку ученици е определен начинот на усвојување  математички поими. Во една паралелка ученици од 2ро одделение применет е КТЗ тест за зрелост, со цел да се издиференцираат нивоата на учење и пристапи со учениције. Со неколку ученици континуирано се разговараше за асоцијално однесување и потребата од поддршка за менување на навиките со соучениците кои често доведуваа до конфликтни ситуации.

2.РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

На почетокот на учебната година беа организирани и реализирани активности за поддршка на наставниците за реализација на лични компетенции и подобрување на воспитно-образовниот процес. Со наставниците се организираа информативни состаноци за изготвување план за личен кариерен развој. На состанокот наставниците добија поддршка за примена на концепциски документи, од кои произлезе актуелната програма за личен професионален  развој. Со неколку наставници се дискутираше за проблемите со асоцијално однесување и подобрување на климата во паралелките. Органиизрани се групни и индивидуални средби со учениците и класните раководители. Со инклузивниот тим се надогради апликацијата за добивање дидактички материјали преку фондацијата „ Чекор по чекор“, со што на учениците со ПОП ќе им се овозможи поквалитетна настава од сите програмски подрачја. Со проектниот тим „Започни ја промената“ беа реализирани консултативни средби за избор на активности, начин на водење извештај, поддршка во пишување есеј за учество во публикацијата,  успешни приказни за гласот на младите.

3.РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

Со родителите одржани се повеќекратни средби на ученици од прво одделение. Советувањата се однесуваа на подобра адаптација на учениците и давање насоки на родители кои имаат потреба од пристап и деца со хиперактивно однесување, конфликтно однесување и ученици кои имаат проблем со изнаоѓање ефективни пристапи во учењето. Редовно се оддржуваат средби со родителите кои имаат потреба од стручни консултации во врска со оценувањето. По иницијатива на група родители оформен е тим за намалување на насилството во училиштето. Тимот изготви, прашалници и анализа за иницијалната состојба со насилството и го спроведе на ученици, родители и наставници. Во неколкукратни состаноци изготвен е Акционен план, процедури во случај на насилно однесување кон ученик, пријава за насилство, тест за интерактивно учење за насилно однесување. Со повеќето родители се обавени средби на кои се третираа проблеми за успехот, редовноста и дисциплината.

4.СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

Во рамките на проектот „ Отворете ги вратите на училиштето“ се оствари соработка со наставниците од училиштето „ Лирија“ и ООУ „Невена Георгиева Дуња“- проект на ОБСЕ. Во реализацијата на проектот „Започни  ја промената“ во првото тримесечје координирани се активностите за реализација и спреведување дополнителни обуки. Во соработка Фондација за културни и образовни иницијативи „Чекор по чекор“, изготвена е апликацијата за Дидактички материјали за учениците со посебни образовни потреби.

5.ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

Во првото полугодие од учебната 2021/22 година, во рамките на личен и професионален развој, посетени се обуките за:„Проценка на когнитивен и на бихевиорален статус кај деца и

млади“- Центар за невропсихологија, псохотерапија и психологија, Скопје; „Трговија со деца“ - органиизрано од БРО

*Учество во Проект: „ Отворете ги вратите на училиштето“ - координирано од ОБСЕ , *Меѓународна средба на проектните училишни тимови во проектот „Започни ја промената“, *Учество во NewTwinningwithIraly

*Учество на 10-та Конференција за Промоција на здравје во организација на СЗО

*Учество во Истражувањето за имплементација на новата концепција за основно образование во прво и четврто одделение.

6.АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

Направени се анализи и извештаи на успехот, поведението и редовноста на учениците во три класификациони периоди од учебната 2021/22 година, истите се презентирани на Наставничките совети. Изготвена е анализа од прашалниците за состојбите со насилното однесување. Во учебната 2021/22 година во подрачјето Соработка со родителите и со локалната средина, направено е истражување за мислењето на родителите и соработката со училиштето за потребите на самоевалуација.



## ПРИЛОГ БР.2.1 ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТА НА СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК ПСИХОЛОГ (Ангела Петрушовска)

Во период од 23.09 - 31.12.2021 година психологот (Злата Анчевска) беше на боледување, и во тој период активностите ги реализираше психолог кој беше на замена-Ангела Петрушовска, и во продолжение следува извештај за работата од тој период.

1.РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

Замена на часови во предметна и одделенска настава во централното и подрачното училиште, работа со ученици со антисоцијално и асоцијално однесување, работа на часови со ученик со посебни потреби. На ученикот му се укажуваше помош во изработувањето на задачите за време на часот и во совладување на наставниот материјал.

2.РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

Присуство на состанок со родител на дете кое не се вклучува на онлајн настава и не доаѓа во училиште, присуство на состанок со родители на дете со посебни потреби,заедно со инклузивниот тим, Советување на родител поради нередовно посетување на наставата од страна на неговото дете.

3.ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

Во првото полугодие од учебната 2021/22 година, во рамките на личен и професионален развој, посетени се обуките за:

1. Подобрување на капацитетите на училишните инклузивни тимови за поефективно вклучување на ученици со попреченост во редовниот наставен процес.Обуката беше во времетраење од 4 дена од 8:30 до 12:30 часоти беше дел од проектот “Биди ИН, биди ИНклузивен,биди Инклудиран„.

4.АДМИНИСТРАТИВЕН ДЕЛ

Внесување на податоци во табели од записници од предметна и одделенска настава.

## ПРИЛОГ БР.3 ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНАТА ПРОГРАМА НА СТРУЧНИОТ СОРАБОТАНИК ДЕФЕКТОЛОГ (МАЈА БАЊАНСКА)

ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК

Работата на дефектологот во ООУ„Кузман Јосифовски-Питу“ се темели и реализира според Годишната Програмата за воспитно-образовна работа со деца од школска возраст..

Во ООУ„Кузман Јосифовски – Питу“ во одделенска настава во I,III, IV и V одделение и во паралелките од VI – IX предметна настава посетуваат деца со посебни потреби – аутизам, ученици со гранична интелигенција,нарушен психо-моторен развој.

Со поголем дел од учениците,активностите се реализираа со помош на образовни асистенти кои беа во нивна постојана физичка придружба. За учениците со ПОП од страна на Инклузивниот Тим на ученик беше изработен ИОП.

Програмата на дефектологот ги содржи активностите од следниве порачја на работа(работа со ученици,работа со наставници,работа со родители,соработка со локална заедница и педагошкаевиденција и документација).

РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

Согласно програмата за работа во учебната 2021/2022 година од страна на дефектологот беа спроведени опсервации на учениците од 1во одделение за време на часови со цел да се детектираат учениците со ПОП и потешкотии.Исто така и за време на замена на часови на отсутни наставници во секоја од паралелките беше спроведена опсервациа со цел да се детектираат ученици со ПОП или со потешкотии. Во I одд. беше направена подготовка на учениците од одделението за прифаќање на ученици со ПОП, кои треба да се вклучат во истото одделение.За учениците со ПОП беше изработен ИОП, освен 1 ученик со ПОП програмата ја следеше по редовната програма за прво одделение.Со учениците се работи индивидуално и за успешно реализирање на наставните содржини се користат најразлични методи и нагледни средства.

Беа реализирани консултативни средби со образовните асистенти на учениците со ПОП.Исто така се следеше и работата на образовните асистентит и беа давани континуирани насоки за работа во текот на целата учебна година.

Учениците со посебни образовни потреби се следат преку постигањата кои наставниците ги документираат,истите се документирани преку евидентни листи.

СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИ

Советодавна работа и давање на насоки на повеќето наставници за начинот на работа со деца со ПОП во наставата скоро беше секојдневна.

Со наставниците беше дискутирано за начинот на изготвување на индивидуалниот образовен план, а исто така од страна на Инклузивниот Тим по Ученик заедно со наставниците се изработоти ИОП за учениците со ПОП.

Од страна на дефектологот дадена е стручна помош на наставниците преку разговор и консултации за идентификување на учениците со ПОП и развивање на стратегии и методи за работа со нив. Поддршка во определување на наставните содржини кои ќе се обработуваат и ќе се претставаат пред ученикот.

СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ

Во првото и второ полугодие беа реализирани индивидуални консултации со родителите/старателите за правата,обврските и бенифициите кои можат да ги добијат децата со ПОП.Консултациите најчесто беа реализирани преку e-mail ,viber, телефонски разговори и со физичко присуство.

Во консултативно-советодавната работа со родители, повеќе пати се реализирани консултации и дадени се инструкции и насоки за работа во домашни услови.Родителите се информирани за начинот на кој ќе работам и за напредокот на нивните деца.Со децата се работеше индивидуално.

Родителите на учениците со ПОП од страна на дефектологот се препратени до Комисија за проценка на доплнителна,образовна,здравствена и социјална поддршка,согласно МКФ за да се направат нови проценки.

*С*ОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

Во прво и второ полугодие реализирана е соработка –консултативни разговри со МКФ и ОУРЦ „Др Златан Сремец “, поврзани со проценка на учениците со ПОП и обезбедување на образовни асистенти. Одржани се повеќе средби со координаторот на образовните асистенти при ОУРЦ „Др Златан Сремец“ за учениците со ПОП од нашето училиште и остварена е соработка со нивниот социјален работник .

ПЕДАГОШКА *ЕВИДЕНЦИЈА* И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Педагошката евиденција и документација се води во однос на месечно и дневно планирање на работата на стручниот соработник.Евиденција се води и преку наставничко досие и дефектолошко портфолио,се следат и евидентираат и развојните карактеристики на учениците**.**

УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

Во текот на учебната 2021 / 2022 година ангажирана сум во комисијата за изготвување на Годишна програма, Полугодишни и Годишен извештаи на училиштето, Одговорно лице за ИТУ, Соработка со Институт за јавно здравје-Пријавување на позитивни Covid 19 ученици и нивни блиски контакти. Замена на часови во предметна и одделенска настава во централното и подрачното училиште, Комисија за прием на првачиња со тоа што во месец Мај беше спроведен т.е реализиран упис на првачиња за тековната 2022 / 2023 година.

На ден 03.12.2021 година беше одржана Ликовна работилница по повод „3 Декември „Меѓународен ден на лицата со посебни потреби“,која беше спроведена од страна на дефектологот. Во работилницата учествуваа ученици од IV -2 одделение, а целта на работилницата беше развој на позитивна клима во одделението, развој на позитивни емоции, развивање на креативноста, дружење и забава.






Во второто полугодие учениците заедно со наставниците и дефектологот од ООУ „Кузман Јосифовски – Питу“ во соработка со ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“ ја одбележаа неделата за прифаќање и поддршка за аутизам. По повод овој настан во нашето училиште се реализираа работилници со повеќе одделенија со цел подигање на свеста за лицата со аутизам. Реализацијата на работилниците се одвиваше во период од 28.03 – 31.03.2022 година на тема „Среќно патуваме низ животот“.



Учениците од 3 – 1 одд и 4 – 3 одд ја реализираа работилницата на тема „Венец на среќата“.






Учениците од 3 – 2 одд ја реализираа работилницата на тема „Порака во сложувалка“.



Учениците од 4 – 2 одд и 8 – 3  одд ја реализираа работилницата на тема  „Едно небо  за сите“.







Исто така, учениците од дневен престој  од подрачното училиште  го одбележаа  денот на Аутизмот со активности и работилници.




Планирање на набавка на наставни материјали за работа и опрема за сензорна соба.



ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

Во учебната 2021/2022 година, во рамките на личен и професионален развој, следев обука за:„Проценка на когнитивен и на бихевиорален статус кај деца и млади“- Центар за невропсихологија, псохотерапија и психологија, Скопје;

АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

Направени се анализи и извештаи на успехот, поведението и редовноста на учениците за прво тримесечие и за крај на учебната 2021/22 година, истите се презентирани на Наставничките совети.

## ПРИЛОГ БР. 4 ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

Во текот на извештајниот период, Училишниот одбор (во понатамошниот текст УО) работеше согласно законските овластувања:

- донесува Статутарни промени на ООУ (основното училиште);
- предлага Годишна програма за работа и извештај за работата на ООУ до Советот на општината;
- предлага финансиски план до основачот;
- предлага завршна сметка до основачот;
- објавува јавен оглас за избор на директор;
- врши интервју со кандидатите за директор;
- му предлага на градоначалникот на општината два кандидати, од пријавените кандидати на објавениот оглас, за избор на директор;
- дава мислење до директорот за избор на наставници, стручни соработници и воспитувачи;
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во ООУ;
- одлучува по жалбите на учениците, родителите, однодно старателите на учениците;
- разгледува и други прашања утврдени со статутот на ООУ.

Училишниот одбор е составен од следните членови:

1. Горан Котевски, претседател,
2. Татјана Нанкова, наставник, до 2021 година, Јасмина Велевска со Решение бр. 02-773/3 од 27.12.2021 година,
3. Лидија Цаковиќ-Мојсовска, наставник,
4. Билјана Балева, наставник,
5. Наташа Петровска-Дургутов, претставник од општина „Кисела Вода“ со Решение бр.09-7678/11 од 02.11.2020 година до нејзиното вработување за наставник во училиштето, Јулијана Кипровска со Решение бр.09-342/7 од 19.02.2021 година, потоа Далибор Стојановски со Решение број 02-205/4 од 20.03.2022 година,
6. Сања Саздовска, Совет на родители, и
7. Борче Лазаревски, Совет на родители, до 22.06.2021 година, потоа Љупка Туџарова Крстевски, со решение број 02-327/3 од 25.07.2021 година, повторно потврдено со Решение број 02-668/3 од 22.11.2021 година.
8. Јаков Трајковски, ученик - претставник од училишен парламент, и
9. Хана Илиева, ученик - претставник од училишен парламент.

За извештајниот период, Училишниот одбор ги реализираше следните активности:

Четвртата седница училишниот одбор ја одржа на ден 22.06.2021 година на која беше донесена Статутарна одлука за измена на Статутот на училиштето во делот на Ресурсен центар со број 02-269/2 од 22.06.2021 година. На седницата беше констатиран престанок на мандат на членот на УО од редот на родители, Борче Лазаревски согласно член 106, став 5 од Законот за основното образование, член 148, став 5 од Статутот на училиштето и член 6, став 5 од Деловникот за работа на УО. Училишниот одбор достави писмено известување, со барање за назначување на нов член на УО од редот на родителите до Илинка Делева, претседателка на Совет на родители, со број 03-298/2 од 05.07.2021 година.

На 05.07.2021 година УО ја одржа својата петта седница на која беа разгледани и усвоени Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2020/2021 година и Годишната програма за работа на училиштето за следната 2021/2022 година.

На шестата седница одржана на ден 16.07.2021 година беше усвоен предлогот за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за набавка на топол оброк за учениците со напомена да се запази Правилникот за јавно здравје.

Училишниот одбор на седмата седница одржана на ден 25.07.2021 година го разгледа записникот од Советот на родители одржан на ден 20.07.2021 година и констатира мандат на Љупка Туџарова Крстевски за нов член на УО од редот на родителите. По констатирањето на мандатот за нов член изготвено е Решение за именување на член на УО на Љупка Туџарова Крстевски со број 03-327/3 од 25.07.2021 година. На седницата беше разгледана и согласноста од МОН за вработување на наставен кадар на определено време и донесена Одлука со која се предлага директорот на училиштето да распише оглас за вработување со број 03-327/2 од 26.07.2021 година.

На осмата седница одржана на ден 04.08.2021 година беше разгледан Записникот од Комисијата за разгледување на пристигнати апликации по јавен оглас за вработување на наставници на определено време и донесе Одлука број 02-343/3 од 04.08.2021 година со која на директорот се дава предлог на кандидати за вработување на предметни и одделенски наставници со наведен фонд на часови.

На одржаната деветта седница УО на ден 17.09.2021 година УО дискутираше за осигурување на учениците и даде предлог за начин на постапување при избор на осигурителна компанија, за издавање под закуп на простории (спортска сала, кујна, училница), формирање на Комисија за самоевалуација по предлог на доректорот на училиштето и избор на фирма за фотографирање за потребите на училиштето. По исцрпната дискусија УО донесе заклучоци по точките од дневниот ред и тоа:

- За осигурувањето на вработените и учениците да постапи согласно позитивните законски прописи,
- Училишниот одбор нема законска надлежност во врска со издавањето на училишните простории под закуп во училиштето,
- Училишниот одбор бара да се достави Извештај за должниците кон училиштето и постапките за наплата на истите,
- Да се изготви и достави до УО Список на наставници на кои им се приближува времето за трансформација на работното место, односно исполнуваат законски услови за истото,
- Во Комисиите за јавни набавки како член да се вклучи Илинка Делева, претседател на Советот на родители.
- Да се достави Предлог за формирање на Комисија за самоевалуација во училиштето во кој ќе се предвидат двајца членови од редот на родителите.
- За избор на оператор за услуги за фотографирање на учениците да се постапи во координација со Советот на родители.
- За надминување на состојбата со нефункционалноста на мрежната инфраструктура која создава проблеми во одвивањето на наставата од далечина, во училиштето да се формира тим од 2-3 наставници кои имаат знаење од областа на користење на

платформата Тимс, кои ќе излегуваат во пресрет на наставниците, сè со цел надминување на проблемите со онлајн наставата.

Десетата седница УО ја одржа на 24.09.2021 година на која по барање на МОН беше донесена Статутарна одлука за дополнување на Статутот на училиштето број 02-529/3 од 24.09.2021 година. По дополнително доставената предлог Одлука за формирање на Комисија за самоевалуација од страна на директорот на училиштето, г. Андреја Стојанов со број 02-902 од 19.09.2021 година, УО на седницата ја разгледа и донесе Одлука број 02-529/4 од 24.09.2021 година за формирање на Комисија за самоевалуација во состав: Билјана Балева, Зорица Станоевска, Татјана Нанкова, Загорка Батункова и Љупка Туџарова Крстевски.

На единаесеттата седница одржана на 22.11.2021 година УО постапи по Записникот од состанокот на Советот на родители одржан на ден 19.11.2021 година во кој се наведува дека по забелешка на просветен инспектор е спроведено повторно тајно гласање онлајн. Забелешката се однесува само исклучиво на начинот на гласање и други забелешки не се наведени. Согласно записникот од спроведеното тајно гласање и доказите утврдено е дека единствен кандидат за член во УО од редот на родителите е повторно Љупка Туџарова Крстевски за која гласале сите присутни 22 члена на советот на родители. Согласно наведеното УО повторно го констатира мандатот на досегашниот член во УО од редот на родителите, со што се потврдуваат и сите претходно донесени одлуки на УО на претходните состаноци на кои учествува Љупка Туџарова Крстевски. Изготвено е Решение за именување на член во УО на Љупка Туџарова Крстевски со број 02-668/3 од 22.11.2021 година. Во понатамошната дебата членовите на УО донесоа Одлука бр.02-668/4 од 22.11.2021 година за распишување на оглас за вработување на лице на определено време за работно место наставник по физичко и здравствено образование за 9 наставни часа, согласно добиената согласност од МОН со арх.бр.12-14386/4 од 07.10.2021 година. По разгледувањето на седницата беше донесена Одлука за усвојување на предлог финансискиот план за 2022 година со бр.02-668/5 од 22.11.2021 година.

Дванаесетата седница УО ја одржа на ден 11.12.2021 година на која УО ја разгледа поднесената оставка од Татјана Нанкова, член на УО од редот на наставниците. Училишниот одбор ја разгледа и констатира престанок на мандат за што беше доставено Известување до директорот на училиштето, Андреја Стојанов бр.02-719/3 од 11.12.2021 година, во кое се бара и назначување на нов член во УО од редот на наставниците. На седницата беше разгледан Записникот од Комисијата за отворање и разгледување на апликации по Јавен оглас за вработување на наставник по физичко образование на определено работно време за учебната 2021/2022 година. Училишниот одбор по разгледување на Извештајот од Комисијата за спроведување на проверка на знаење на кандидатите на Македонски јазик УО донесе Одлука број 02-719/4 од 11.12.2021 година за предлог до директорот на училиштето за вработување на Бобан Пуцковски кој има повисок просечен успех на додипломски студии за разлика од неговиот противкандидат пријавен на огласот, согласно член 10, став 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во освните и средните училишта (Сл. Весник на РСМ бр.161/2019). Донесена е Одлука број 02-719/5 од 11.12.2021 година за спроведување на Попис на средствата и обврските за фискалната 2021 година. Донесена е Одлука број 02-719/6 од 11.12.2021 година за висина на Касов максимум кој изнесува 10.000,00 денари кој се однесува на фискална 2022 година. Донесена е Одлука број 02-719/7 од 11.12.2021 година за признавање на трошоците за надоместок на превоз за службени потреби на директорот, хаусмајсторот и другите вработени која се присуствува на состаноци или во институции за потребите на училиштето или се врши набавка на роба за потребите на училиштето во висина не поголема од 3.000,00 денари директорот и во висина не поголема од 1.000,00 денари за секретар, хаусмајстор или друг вработен. Донесена е Одлука број 02-719/8 од 11.12.2021 година за усвојување на предлогот за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2021 година во делот на услуги, набавка на услуги за авионски превоз-авиобилети според програмата Еразмус+ проекти, Набавка на услуги за хотелско сместување во странство според програмата Еразмус+ проекти, и ангажирање на авторска агенција за исплаќање на договорни услуги.

На тринаесеттата седница одржана на 24.12.2021 година УО го разгледа Известувањето од директорот број 02/752 од 22.12.2021 година за назначување на нов член на УО од редот на наставниците. Согласно спроведената постапка на состанокот на Наставничкиот совет одржан на ден 16.12.2021 година и резултатите од тајно гласање за нов член на УО е избрана Јасмина Велевска. По разгледување на известувањето членовите на едногласно го верификуваа мандатот на Јасмина Велевска за член на УО од редот на наставниците и Решение бр. 02-773/3 од 27.12.2021 година за именување на член во Училишен одбор. На седницата членовите на УО донесоа Одлука број 02-733/5 од 27.12.2021 година за распишување на оглас за вработување на определено време на наставник по предметот историја и наставник по предметот англиски јазик. Донесена е Одлука број 02-773/4 од 27.12.2021 година за усвојување на финансискиот план за 2022 година и истиот е доставен до основачот до сопис број 03-780 од 28.12.2021 година. На седницата беше поканет и директорот Андреја Стојанов кој даде образложение по Заклучоците кои произлегоа од деветтата седница на УО одржана на 17.09.2021 година. На седницата директорот образложи пред членовите на УО за превземените активности за наплата на долговите од економските оператори и други прашања и тековни активности на училиштето.

Четиринаесеттата седница УО ја одржа на 18.01.2022 година на која беше разгледан и усвоен Полугодишниот извештај на Училишниот одбор. На истата седница УО побара да се достави известување од директорот за измената на членот во комисијата за самоевалуација, Татјана Нанкова на чие место доаѓа Јасмина Велевска.

На 30.01.2022 година УО ја одржа својата петнаесетта седница на која го разгледа полугодишниот Извештај за работа на училиштето. Училишниот одбор го врати извештајот на корекција и укажа да се разгледа и да се дополни следново: извештај од УО, оценувањето кое е многу кратко објаснето, извештај од работата на Директорот да биде по обемна и технички целокупната програма да се среди, бидејќи не одговара содржината со страниците. Училишниот одбор направи исправка во планот за јавни набавки, ја отфрли ставката за ужинки и топол оброк, за што се согласи и Мери Галевска задолжена за јавни набавки во општина Кисела Вода, која го презентира истиот. Исто така во ставката за Авио билети од програмата Ерасмус+ стои сумата 300.000,00 денари, која измена е во согласност со правилникот за јавни набавки. На седницата УО ја разгледа согласноста од градоначалникот за издавање на училишни простории под закуп. Членовите на УО дадоа согласност односно одобрението го проследува до Директорот за понатамошно постапување. На седницата е направена измена на Одлука за формирање на Комисија за самоевалуација со бр.02- 518/3 од 17.09.2021 год. истата е донесена и спроведена од страна на УО.

Шеснаесеттата седница УО ја одржа на 14.02.2022 година на која беше разгледан и по констатирањето дека се исправени забелешките претходно дадени од УО беше усвоен дополнетиот Полугодишен извештај за работата на училиштето. На седницата УО одлучуваше по спроведен оглас за вработување на наставници на определено време до 31.08.2022 година за наставник по Историја и наставник по Англиски јазик. Донесена е одлука за предлог до директорот за засновање работен однос на Александар Цветановски наставник по Историја и Бисера Јанчевска, наставник по Англиски јазик.

На 07. 03. 2022 година УО ја одржа седумнаесеттата сеница на која ја разгледа и усвои Завршната сметка на училиштето за 2021 година. На седницата по разгледување на согласноста за вработување на наставник по биологија УО констатира дека истата е одобрена од МОН и општината и донесе одлука за спроведување постапка односно да се објави конкурс за наставник по билогија и природни науки на определено време. Училишбиот одбор го разгледа договорот за издавање на фискултурната сала со кошаркарскиот клуб склучен со училиштето и истиот беше позитивно оценет. Откако Протоколот за насилство беше доставен до УО – истиот беше разгледан побарано од страна на членовите на УО да се усогласи со групата што работи на истиот проект (психолог и родители).

На осумнаесеттата седница одржана на ден 20.03.2022 година УО откако констатира дека е пријавен само еден кандидат, Љубица Михајловиќ за 18 наставни часа по Биологија и 4

наставни часа по Природни науки УО донесе одлука за горенаведениот кандидат и ја предложи до Директорот за натамошно постапување. На седницата УО едногласно го верификува мандатот на новиот член на УО Далибор Стојановски, претставник од општина Кисела Вода.

На деветнаесеттата седница на УО одржана на ден 27.05.2022 година по разгледување на добиена согласност за вработување на наставник по германски јазик на определено време УО донесе одлука за распишување на оглас и истата ја проследи до Директорот за натамошно постапување.

Дваесеттата седница на УО се одржа на ден 10.06.2022 година на која по разгледување на записниците од комисиите за евалуација по оглас за вработување, УО заклучи дека постапката е правилно спроведена, условите се исполнети и УО донесе одлука со која се дава предлог до Директорот да изврши избор на наставникот. На прашање на претседателот како претставникот во УО од општина Кисела Вода, Далибор Стојановски ја оценува работата на УО и членовите поединечно, тој истакна дека претседателот и членовите професионално ја извршуваат функцијата која им е доверена. Далибор истакна дека ниту тој како член, а ниту општината нема ниту една забелешка во однос на функционирањето и работата на УО и дека претседателот и членовите професионално постапуваат при работата и одлучувањето. На ова претседателот и членовите се заблагодарија и укажаа дека секогаш УО постапувал и ќе постапува професионално и непристрасно во својата работа и одлучување во интерес на училиштето и пред сѐ на учениците.

## ПРИЛОГ БР.5 ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ

Во текот на учебната 2021/ 2022 година, Советот на родители реализираше 6 состаноци (седници).

| Време на реализација | Содржини / активности | Носители / Соработници |
|---|---|---|
| 20.07.2021<br>18 часот | 1. Разгледување и усвојување (по пат на гласање) на Годишната програма за работана ООУ Кузман Јосифовски – Питу за учебната 2021/2022.<br>2. Разгледување и давање позитивно мислење за годишната програма за излети,екскурзии и настава во природа за учебната 2021/2022.<br>3. Предлог за искористување на средствата собрани од училишните базари.<br>4. Избор на нов член во Одборот на родители, по пат на гласање. | Дирктор<br><br>Психолог<br><br>Родители |
| 06.09.2021<br>18 часот | 1. Разгледување на можностите за оддржување на наставата во отсуство на професори, запознавање со Планот и протоколите во услови на пандемијатана ООУ„ Кузман Јосифовски Питу,,-Скопје.<br>2. План за искористување на финансиските средства собрани од базари од предходните години и избор за реквизити за опремување на салата за физичко воспитување.<br>3. Разно:<br>- Технички проблеми во однос на оддржување на онлајн настава<br>- Проблеми со прозорците во училниците<br>- Информација за избор на Економски оператор за топол оброк и ужина. | Родители |

| | | |
|---|---|---|
| 07.10.2021<br>19 часот | 1. Информирање за купени реквизити за физичко воспитување, изработка на мрежа и бојадисување на терен за одбојка, кошарка и фудбал.<br>2. Избор на осигурителна компанија за учениците од прво до деветто одделение, по пат на гласање.<br>3. План за отворени денови на наставниците со родителите, преку онлајн апликација или телефонски според протоколот на Министерството за образование и наука.<br>4. Разно | Родители |
| 19.11.2021<br>17 асот | 1. Повторно гласање за член избор на член од Училишниот одбор, по забелешка од Државен инспектор.<br>2. Разно | Родители |
| Јануари 2022г | 1. Претставници од Советот на родители заедно со директорот и психологот на училиштето одржаа работен состанок за утврдување рамка со стратегии за намалување на насилството во училиштето. На состанокот е договорено да се спроведе прашалник/анкета за ученици и родители, со цел да се скенира состојбата за видовите насилно однесување во паралелките. Формиран е Тим за намалување на насилството во училиштето составен од родители, директор, стручен соработник и наставник. | Директор<br>Психолог<br>Родители |
| 07.02.2022<br>18: 30 часот | 1. Запознавање со успехот на учениците во училиштето за првото полугодие на учебната 2021-2022 година<br>2. Запознавање со инцидент на социјалните медиуми кој го засега училиштето<br>3. Запознавање со резултатите на истражувањето направено од страна на родители-волонтери за состојбата со насилството во училиштето<br>4. Разно | Родители |

Покрај состаноците проблемите во било која област, недоразбирањата, успесите, пофалбите, учествата на натпревари и настани секојдневно се споделуваат и дебатираат на Viber групата на Советот за родители.

## ПРИЛОГ БР.6 ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ

Во текот на првото полугодие во учебната 2021/2022 беа одржани 5 Наставнички совета.На дневен ред на наставничките совети беа опфатени следните точки:

- Информации за начинот на отпочнување на учебната година во услови на пандемија и изнесување на протокол за учебната 2021/2022 година ( организација на настава со физичко и онлајн присуство.);
- Разгледување и одобрување на доставените барања од ученици за следење на онлајн настава;
- Информации и распределбана работнитеобврскинанаставницитезаучебната 2021-2022година;

- Организација и прием на првачиња;
- Одржувањена родителски средби и поделба на свидетелства;
- Избор на ментор за наставник - приправник по историја;
- Информација за избор на претседател и заменик претседател на Ученички парламент;
- Информација од Совет на родители за избор на осигурителна компанија за осигурување на учениците;
- Приемен ден за родители ( организација на контактите со родители преку Тимс и други алатки за интернет комуникација);
- Информации за тековни проекти ( Еразмус +;Проект во соработка со локалната самоуправа и МОН за пристапност, уредување на просторија за тивка соба наменета за учениците со посебни образовни потреби, изработка на нова фасада на училиштето, санација на кров.);
- Разгледување и утврдување на успехот, поведение и редовност на учениците за првото тримесечје од учебната 2021 / 2022 година;
- Усвојување на Извештај за постигнатиот успех, поведение и редовност во прво тримесечје;
- Препораки и мерки за надминување на проблеми во училна и проблеми со ученици кои не покажуваат проактивно однесување;
- Констатирање на оставка од функција на член на Училишен одбор;
- Избор на нов претставник од редот на наставниците во Училишен одбор;
- Формирање на Комисија за попис на основни средства и инвентар во училиштето;
- Формирање на Комисија за самоевалуација;
- Избор на ментор за наставник - приправник по биологија;
- Информации за престојниот зимски распуст на учениците,времетраење на зимскиот распуст за ученици и наставници и организација на активностите и задолженијата на наставниците за времетраењето на истиот;
- Анализа на постигнатиот успех, поведение и отсуство на учениците за прво полугодие во 2021 / 2022 година;
- Усвојување на извештај за постигнување на успехот, поведението и редовноста во прво полугодие во 2021 / 2022 година;

Во текот на второ полугодие во учебната 2021/2022 беа одржани 7 Наставнички совети. На дневен ред на наставничките совети беа опфатени следните точки:

- Презентирање на Предлог – програма и активности по повод „Денот на училиштето“;
- Извештај за превземените активностите на Тимот за ненасилство;
- Информација за извршената измена на Полугодишниот извештај на училиштето во делот на инклузијата и во делот на додатна и дополнителна настава;
- Информација за потреба од превземање на активности во врска со изготвување на Самоевалуација;
- Разгледување на извештаите на менторите за совладување на професионалните комптенции на наставниците-приправници и одлучување за нивна подготвеност за полагање на стручен испит;
- Формирање на тимови, распределени по подрачја за изготвување на Самоевалуација;
- Усвојување на успех, поведение и редовност на учениците за третото тримесечие од учебната 2021 / 2022 година;
- Давање мислење за талентирани ученици, талентирани ученици-спортисти по распишаниот Конкурс на Општина Кисела .
- Давање мислење за најдобри наставници и стручни соработници по распишаниот Конкурс на Општина Кисела Вода;
- Утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците од 9-то

одд. на крајот од учебната 2021 / 2022 година;

- Усвојување на успех, поведение и редовност на крајот на учебната 2021 / 2022 година;
- Приговори на родители  за годишни оценки на учениците.

## ПРИЛОГ БР.7 ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ АКТИВИ

### ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

Во текот на учебната 2021-2022 год. се одржаа неколку состаноци со активот на одделенска настава,  дел беа одржани во училишниот двор со почитување на мерките за заштита од Кивид 19, а дел онлајн преку апликациите Teams и Viber. Темите на кои имаше потреба од разговор беа следните:

1. Информации за проекти за претстојната учебна 2021/2022 година
2. Разгледување и договор на Планот и Протоколот за работа на основните училишта во учебната 2021/2022 година;
3. Информации за ажурирање на Е – дневник;
4. Информации за надградба на системот – Евидентни листови;
5. Разгледување на Водичот за слободни изборни предмети во основните училишта;
6. Прецизирање на протоколите и организацијата за почетокот на учебната 2021/22 година
7. Разгледување на новите наставни програми за работа согласно Концепцијата за основно образование во I и IV одд. во одделенска настава
8. Патронен празник
9. Споделување на информации за општински и регионални натпревари по математика
10. Правилник за оценување
11. Пополнување на часовите за време на генералниот штрајк
12. Пополнување на Додаток на свидетелство

Состаноците се одржаа во текот на целата учебна година каде следеа меѓусебни консултации и информации со цел непречено одвивање на наставата.

Состаноците започнаа со презентирање на проектите за престојната учебна 2021-2022 год. И тоа проектот А.Р.Г.О кој го презентираше колешката Викторија Смилевска и проектот „Започни ја   промената“ за кој зборуваше психологот Злата Анчевска.

Најголем акцент се стави на протоколите и тоа како ќе се одвива наставата во училиштето со физичко присуство. За таа цел се завзема став дека оние ученици кои ќе имаат здравствена причина може да ја следат наставата онлајн, а останатите со физичко присуство. Воедно беа направени и распореди за влез и излез од училиштето и протокол за користење на трепезаријата. Се зборуваше и за начинот на кој ќе се примаат првачињата.

Потоа беше споделена информацијата дека од оваа учебна година се исфрла од

употреба пишаниот дневник, па секој наставник ќе треба еднаш во месецот да достави принтана верзија од електронскиот дневник. Исто така споделена беше и информацијата за надградба на системот за Евидентните листови на учениците. Имено, во Е – дневникот родителот ќе има директен увид во евидентниот лист на ученикот, и истиот ќе треба електронски да го потпише.

Од оваа учебна година, се воведуваат нови наставни програми според новата Концепција за основно образование во I и IV одд. каде истите беа детално разгледани од страна на наставниците. Исто така, според новата Концепција за основно образование е предвидено и измена во делот на изборните предмети во основните училишта, а за подобра имплементација на истите БРО на РСМ има изработено Водич по кој ќе треба да се раководат наставниците.

Оваа година се одбележуваа 60 години од постоењето на училиштето, па за таа цел се зборуваше за организацијата на Патрониот празник. Се поделија одговорности за сите наставници.

Се споделија информации за општински и регионални натпревари по математика. Исто така се разговараше за оценувањето на децата со ПОП.

На последниот актив одржан оваа учебна година се разговараше за пополнување на часовите за време на генералниот штрајк и за правилното пополнување на Додаток на свидетелство, како новина од оваа учебна година.

Состаноците на активот се од особена важност бидејќи се решаваат тековните проблемите и за истите веднаш се превземаат мерки, па за таа цел активно учество во истите земаа и Директорот на училиштето Андреја Стојанов и стручните соработници Злата Анчевска и Маја Бањанска.

## ПРЕДМЕТНА НАСТАВА

Во текот на учебната 2021-2022 година се одржаа неколку состаноци со Активот на предметна настава, воглавно беа одржувани на платформата Тимс. Темите на кои имаше потреба од разговор беа:

1. Информации за проекти за претстојната учебна 2021/2022 година,
2. План и протокол за работа за престојната учебна година,
3. Распоред за дежурства
4. Вклучување на учениците кои следат настава онлајн
5. Начин и метод на оценување;
6. Дисциплина во учичиштето и во паралелките;
7. Спречување и борба против трговија со деца
8. Организација на часовите во случај на отсутни наставници
9. Патронен празник
10. Правилник за оценување на училиште;
11. Упатство за домашни задачи од БРО;
12. Оценување,
13. Комисија за евалуација,и
14. .Пополнување на часовите за време на генералниот штрајк

Пред почетокот на првото полугодие се одржа состанок на 24.08.2021г. на кој се зборуваше или се започна разговорот со презентирањето на проекти за престојната учебна 2021-2022 год.Проектот А.Р.Г.О го презентираше колешката Викторија Смилевска ,за проектот Започни ја промената зборуваше психологот Злата Анчевска.Потоа се зборуваше за и воглавно најголем акцент се стави на протоколите и тоа како ќе се одвива наставата во училиштето со физичко присуство.Се завзема став дека оние ученици кои ќе имаат причина може да одат онлајн.Се

зборуваше за начинот на кој ќе се  примаат првачињата.Понатаму, следниот актив се одржа на 03.09.2021г. на кој се зборуваше за дежурствата на наставниците од предметна настава .Исто така се разговараше за ученици кои следат онлајн настава и нивната редовност на наставата, начинот на како функционира истата.На 21.10.2021год. беше одржан актив повторно со наставниците од предметна настава, на овој состанок преку платформата Тимс се вклучи и психологот Злата Анчевска која беше на боледување ,таа зборуваше ги објаснуваше начините на оценување на учениците, особено за новите колеги кои имаа поголема потреба од останатите наставници во врска со оценувањето.Од психологот беа побарани совети во врска со дисциплината и начинот на однесувањето и функционирањето на некои ученици. Таа даде неколку предлози.Следниот актив беше одржан на 15.11. 2021г.со класните раководители на предметна настава, на кој се зборуваше или се направи кратка дисеминација за спречување и борба против трговија со деца.Ставот беше да се поделат материјалите на сите предметни наставници на меил како и истите да се препратат на учениците и нивните родители кои заедно ќе разговараат и  взаемно ќе поминуваме сите ние низ тој процес ученик-наставник-родител. Со почетокот на второто полугодие се одржа состанок на 28.01.2022  г. на кој се зборуваше  за каква ќе биде организацијата на часовите во случај на отсутни наставници, од оваа година и асистентите на децата со ПОП може да одржуваат часови со теми  т.е. работилници од животни вештини .Потоа се зборуваше за организацијата на Патрониот празник бидејќи оваа година  се прославуваат 60 години од постоењето на зградата на училиштето.Затоа убаво би било да се опише раѓањето и постоењето на училиштето низ годините . Потоа се зборуваше за организацијата на активностите како  и на кој начин тоа ќе се изведе, сѐ со цел да се претстави училиштето во вистинското светло .На 04.04.2022 се одржа следниот актив на кој се разговараше за правилата на оценување на учениците , или поточно за начините на оценување,потоа се зборување за домашните задачи на кој начин и како се задаваат , на овој актив се зборуваше за комисијата за евалуација.Пред самиот крај се разгледа и оценувањето на децата со ПОП.Последниот актив беше одржан на 10.05.2022г. на кој се зборуваше за начинот на пополнување на часовите за време на генералниот штрајк и после него. Состаноците на активот се од особена важност бидејќи се решаваат проблемите во текот на целата учебна година и  за истите веднаш или тековно се превземаат мерки.

## ПРИЛОГ БР.8 ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ПОСЕБНИТЕ ПАРАЛЕЛКИ - УЧЕНИЦИ СО ОШТЕТЕН СЛУХ

Оваа учебна година во првото полугодие  во посебните паралелки за учениците од второ, четвртто, седмо одделение деветто одделение, наставата се изведуваа со физичко присуство, а додека за учениците од шесто  наставата е онлајн. Во второто полугодие и ученикот од деветто одделение наставата ја следеше со физичко присуство. И во двата типа на настава пристапот е индивидуализиран  и со применување на наставни средства кои овозможуваат визуелизација на поимите и појавите. Предвидените цели се реализирани според темпото на усвојување на учениците.

Во двете паралелки  постои работна атмосфера, учениците се редовни во посетата на наставата и покажуваат инетрес за стекнување на нови знаења. Учениците редовно ја следат онлајн наставата, соработуваат и успешно ги сработуваат зададените задолженија.

Ова учебна година вкупно се заведени 145 оправдани изостаноци.

Усвојувањето на наставните цели кај учениците беше континуирано следено, пред сѐ преку формативното оценување. Знаењата се проверуваа преку усни прашања и одговори, наставни ливчиња, практична работа, тестирања, квизови и сл.

Соработката со родителите е континуирана. Родителите се постојано известувани за успехоот и постигнувањата на учениците.

И оваа учебна година се реализираше соработката со Институтот за специјална

едукација и рехабилитација, при УКИМ, преку опсервации на студентите од четврта година по предметите Методика на работа со учениците со оштетен слух и Дефектолошка пракса.

По прераснување на посебните паралелки во Центар за поддршка на учењето започна и соработка со две училишта каде што наставата ја следат ученици со оштетен слух (преку консултативни средби и насоки)
Следи табеларниот преглед:

**Број на ученици по одделенија, национален сосотав и постигнат успех:**

| **Одд.** | | **Вкупно** | | **националност** | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Се | м | ж | м | **ж** |
| **I** | / | / | / | / | **/** |
| **II** | 2 | 1 | 1 | македонска | **албанска** |
| **III** | / | / | / | / | **/** |
| **IV** | 2 | 1 | 1 | албанска | **албанска** |
| **V** | / | / | / | / | **/** |
| **I - V** | 4 | 2 | 2 | | |
| **VI** | 1 | 1 | / | ромска | **/** |
| **VII** | 1 | 1 | / | ромска | **/** |
| **VIII** | / | / | / | / | **/** |
| **IX** | 1 | 1 | / | ромска | **/** |
| **VI-IX** | **3** | **3** | **0** | | |
| **I - IX** | **7** | **5** | **2** | | |

**Успех по предмети:**

| ПРЕДМЕТИ | Бр. на ученици кои ја следат настава та по предмет ите I -V | Бр. на ученици кои ја следат наставата по предметите | | | УСПЕХ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | СРЕДН АОЦЕН А |
| | | | | | | 5ки | 4ки | 3ки | 2ки | 1ци | |
| | | Описно оцен. | Бројчано оцен. | Вкупно | Бр. на ученици кои ја следат наставата по предметите VI-IX | | | | | | |
| Македонски јазик | 4 | 2 | **5** | **7** | 3 | 2 | **2** | **1** | ***/*** | ***/*** | ***4,20*** |
| Англиски јазик | 2 | / | **5** | **5** | 3 | 3 | **1** | **1** | ***/*** | ***/*** | ***4,60*** |
| Запознавање на околината | 2 | 2 | ***/*** | **2** | / | / | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |
| Математика | 4 | 2 | **5** | **7** | **3** | 2 | **2** | **1** | ***/*** | ***/*** | ***4,20*** |
| Историја | / | / | **3** | **3** | **2** | 1 | **2** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | **4,33** |
| Граѓанско образование | / | / | **1** | **1** | **1** | 1 | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***5,00*** |
| Природа | / | / | ***/*** | ***/*** | ***/*** | / | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општество | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Историја и општество | 2 | / | 2 | 2 | / | / | / | / | / | / | / |
| Географија | / | / | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | / | / | / | 4,50 |
| Биологија | / | / | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | / | / | / | 4,50 |
| Физика | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | / | / | / | / | 5,00 |
| Хемија | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | / | / | / | / | 5,00 |
| ТО | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| ТО и информатика | 2 | / | 2 | 2 | / | 1 | 1 | / | / | / | 4,80 |
| Ликовно обр. | 4 | 2 | 5 | 7 | 3 | 4 | 1 | / | / | / | 4,80 |
| Физичко и здр. Об. | 4 | 2 | 5 | 7 | 3 | 4 | 1 | / | / | / | 4,80 |
| Комуникација | 4 | 2 | 5 | 7 | 3 | 4 | 1 | / | / | / | 4,80 |
| Музички стим. И ритм. Вежби | 4 | 2 | 5 | 7 | 3 | 4 | 1 | / | / | / | 4,80 |
| Работа со компјутери | 4 | 2 | 5 | 7 | 3 | 4 | 1 | / | / | / | 4,80 |
| Природни науки | 2 | / | 2 | 2 | / | 1 | 1 | / | / | / | / |
| Природни науки и техника | / | / | 1 | 1 | 1 | / | 1 | / | / | / | 4,00 |
| Информатика | / | / | 2 | 2 | 2 | 2 | / | / | / | / | 5,00 |
| Изборен: Творештво | 2 | / | 2 | 2 | / | 1 | 1 | / | / | / | 4,50 |
| Изборен: Запознавање со религии | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | / | / | / | / | 5,00 |
| Изборен: Истражување на родниот крај | / | / | 2 | 2 | 2 | 2 | / | / | / | / | 5,00 |
| ***Вкупно*** | 4 | 2 | 5 | 7 | 3 | | | | | | 4,68 |

**Описно оценување по нивоа**

| ПРЕДМЕТИ | Број на ученици кои се описно оценети | | Нивоа по предмети | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вк. | II одд. | Прво ниво | Второ ниво | Трето ниво |
| **Македонски јазик** | 2 | 2 | 2 | / | / |
| **Англиски јазик** | / | / | / | / | / |
| **Запознавање на околината** | 2 | 2 | 2 | / | / |
| **Математика** | 2 | 2 | 2 | / | / |
| **Историја** | / | / | / | / | / |
| **Општество** | / | / | / | / | / |
| **Историја и општество** | / | / | / | / | / |
| **ТО** | / | / | / | / | / |
| **ТО и информатика** | / | / | / | / | / |
| **Ликовно обр.** | 2 | 2 | 2 | / | / |
| **Физичко и здр. обр.** | 2 | 2 | 2 | / | / |
| **Комуникација** | 2 | 2 | 2 | / | / |
| **МСРВ** | 2 | 2 | 2 | / | / |
| **Работа со компјутери** | 2 | 2 | 2 | / | / |
| **Природни науки** | / | / | / | / | / |
| **Природни науки и** | / | / | / | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **техника** | | | | | |
| **Информатика** | / | / | / | / | / |
| **Изборен: Творештво** | / | / | / | / | / |
| **Изборен: Запознавање со религии** | / | / | / | / | / |

## ПРИЛОГ БР.9 ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА (УЧИЛИШЕН ПАРЛАМЕНТ)

Ученичкиот парламент е највисока форма на организирање и дејствување на учениците во училиштето. Во Ученичкиот парламент се опфатени ученици од 4 до 9 одделение.(Секоја паралелка делегира по два члена во парламентот од раководството на одделенската заедница).
Цели на дејствување:

- Промоција на ученичкиот активизам и застапување и промовирање на правата и интересите на учениците;
- Учество на учениците во креирање на позитивна клима за работа, градење и негување на другарството и соработка, меѓуетничка толеранција, организирање на хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа;

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Постигнати цели и остварени ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изработка и усвојување на годишен план за работа на УП | септември | Тим за ученичко организирање (дефектолог и одговорен наставник) | ученици | Усвоена програма за работа |
| Конституирање и избор на тела на УП по демократски пат ( Претседател на Ученички парламент, заменик и координатори на генерации) | октомври | Тим за ученичко организирање (дефектолог и одговорен наставник),Претседател на УП и членови | ученици | Развивање на демократската култура во училиштето |
| Дискусија и давање на предлози за подобрување на успехот и поведението во првото тримесечие | ноември | Тим за ученичко организирање (дефектолог и одговорен наставник),Претседател на УП и членови | ученици | Дадени сугестии за подобрување на успехот и поведението |
| Подготовки и избор на Ученик правобранител и заменици правобранители | ноември/декември | Тим за ученичко организирање (дефектолог и одговорен наставник),Претседател на УП и членови | ученици | Запознавање на учениците со функцијата и улогата на ученикот правобранител и неговите заменици(промовирање на детските права и заштита на детските |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | права) |
| Анализа и дополнување на Годишниот план за работа за учебната 2021/22 година на Ученичкиот парламент | декември | Тим за ученичко организирање (дефектолог и одговорен наставник),Претседател на УП и членови | ученици | Развивање на демократската култура во училиштето |
| Учество во одбележување на Патронот празник | февруари | Тим за ученичко организирање (дефектолог и одговорен наставник),Претседател на УП и членови | ученици | Учество на учениците членови на УП во изработката на филм по повод патронатот; |
| Работилница на тема: Сајбер насилство – ИКТ сојузници, а не непријатели | март | Тим за ученичко организирање (дефектолог и одговорен наставник),<br><br>Членови на Уп | Ученици од VI-IX | Градење на одговорен однос во користењето на социјалните медиуми;<br>Поттикнување на емпатија и поддршка во училиште и надвор од него, како и на социјалните мрежи;<br>Развивање просоцијални вештини;Учениците изработуваа пропаганден материјал (постери, пораки ), Power Point презентации и дискутираа и аргументираа на темата сајбер насилство. |
| Ученички активизам:<br><br>Работилница:Превземање на акција во училиште | април | Тим за ученичко организирање (дефектолог и одговорен наставник),Претседател на УП и членови | ученици | Учениците се оспособени да предлагаат различни видови иницијативи за подобрување на животот во училиштето и заедницата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работилница: Правата на децата (истражување на тема: Конвенција за правата на децата) | мај | Тим за ученичко организирање (дефектолог и одговорен наставник),Претседател на УП и членови | ученици | Запознавање н учениците со принципите на Конвенцијата за правата на детето; |
| Изготвување на извештај за работата на УП, предлози за следната учебна година | јуни | Тим за ученичко организирање (дефектолог и одговорен наставник),Претседател на УП и членови | ученици | Подобрување на соработката помеѓу училишниот парламент и одделенските заедници |

Тим за ученичко организирање(поддршка):
Маја Бањанска (дефектолог)
Гордана Плетварска-Трајчевска (наставник по Граѓанско образование)

## ПРИЛОГ БР.10 ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ХОР И ОРКЕСТАР

Во текот на првото полугодие во учебната 2021/2022 год. програмата по хор и оркестар е реализирана . Иако во отежнати услови, но со почитување на сите протоколи за заштита од COVID19, подготвивме песна, која во соработка со УНИЦЕФ трбаше да ја изведеме за нивниот роденден пред Сити мол. Но, настанот беше откажан. Исто така, подготвивме и Новогодишен концерт, кој требаше да се изведе во Домот на културата во Кисела Вода, но за жал и тој беше откажан.



На 26.05.2022 , во чест на 70 години од владеењето на Кралицата Елизабета и 30 години соработка на двете држави Република Северна Македонија и Кралството Велика Британија, подготвивме концерт и го одржавме во вилата на претседателот на нашата држава, господинот Стево Пендаровски

## ПРИЛОГ БР.11 ПРОЕКТИ

### Проект „Започнете ја промената“



Проектот „Започнете ја промената“ го спроведуваат Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), ИНОВА + (Португалија), FFE (Хрватска), НЕПЦ (Хрватска) и СИРИУС (Белгија). Неговата цел е градење на еластичност кај младите, што се однесува на фактори кои придонесуваат за развој на една




млада личност, без оглед на нивната почетна позиција и можни проблеми, во здрава, самоуверена, задоволна и толерантна личност која гради квалитетни односи , ги

развива своите способности и е активно и позитивно ангажиран во нивната заедница. За оваа цел, МЦГО соработува со вкупно пет основни и средни училишта со цел да ги насочи во развивање: 1) добра практика со спроведување на пристапот на целото училиште и 2) инклузивни социјални образовни политики.ООУ„ Кузман Јосифовски-Питу“ во учебната 2021/22 година проектните активности ги продолжува со вклучени 8 групи 70 ученици .10 наставници. Координативниот тим е составен од тројца членови: Винета Радовиќ Мирческа – одделенски наставник, Јасмина Велевска – одделенски наставник, Сања Боцеска -предметен наставник по математика.Тимот има поддршка од 11 родители кои ќе
присуствуваат на Работилница за родители со цел повеќе да се запознаат со активностите и целите на проектот. Проектот е поддржан од Македонски центар за граѓанско образование.

**Проект „New Twinning with Italy“**

Проектот има за цел да ја подобри интеракцијата помеѓу учениците од двете држави и да овозможи учење на социјални вештини! Во училиштата се формирани две групи од по 20 ученици кои преку интерактивни онлајн средби ќе дискутираат, фотографираат, или преку видео материјали ќе се претставаат себе си, своето училиште или места кои се значајно обележје за државите ! Со проектот раководат : Андреа Стојанов - директор, Злата Анчевска – психолог, Вера Ангеловска - наставник по музичко образование, Анастасија Гоговска- наставник по англиски јазик, Лидија Перчинкова - родител. Формираните групи ученици се на возраст од 13 и 14 години! Проектот заврши во јуни, со можност истиот да продолжи и во следните години.Проектот е поддржан од Светката здравствена организација.

**Проект „Вратете го животот во училиште“**

Проектот „Вратете го животот во училиште“ има за цел да го придружува враќањето на училишните деца на училиште по долг период на изолација поради пандемијата COVID-19. Краткорочно, на децата-учесници им нуди збир на заеднички вонн астaвни активности во мешани групи за надминување на менталното влијание од изолацијата и стравовите издржани за време на пандемијата. Среднорочно, има за цел да го зајакне училиштето како место каде што активното граѓанство и активностите во заедницата ќе живеат и повеќе од периодот на проектот. Проектот траеше 4 месеци од 1 септември до 31 декември 2021 година и се одвиваше во регионот на Скопје. Во проектот беа вклучени ООУ „ Лирија“ ООУ „ Невена Георгиева - Дуња“ и ООУ „ Кузман Јосифовски-Питу“. Проектот е поддржан од ОБСЕ.

**Проект „А . Р. Г. О. „**




Со почетокот на учебната 2021/22 година започна и реализацијата на активностите на проектот **A.R.G.O. - Art and cReativity to Grow up in cOoperation.** Преку раскажување и споделување легенди, искуства, приказни од вклучените земји во проектот (Романија, Португалија, Северна Македонија и Италија) се реализира основната цел на проектот: создавање на креативно и критичко размислување на учениците, како и подобрување на нивните вештини во изразување на англиски јазик.



Активностите на проектот се насочени кон мотивацијата на учениците за активно учество во

воннаставни активности,преку кои директно се влијае на подигнување на граѓанските, етичките и културните компетенции на секој од учесниците.

Во текот на второто полугодие беа реализирани две мобилности (посети на партнерските училишта од Португалија и Италија) и пречек на сите партнери, ученици и наставници од трите земји во нашето училиште.

Првата мобилност се реализираше во периодот од 21 до 26 март 2022 година, тим составен од 6 ученика во придружба на два наставника беа во посета на училиштето партнер во Алвито, Португалија, а втората мобилност се реализираше од 02 до 07 јуни со тим од 5 ученика и двајца наставници. За време на посетата беа реализирани предвидените активности од страна на домаќините, а планирани според содржината на проектот.



Нашето училиште беше домаќин на активностите од проектот во период од 03 до 06 мај 2022 година. Училиштето подготви програма која опфати интересни активности и посети.



Планираните активности овозможија реализација на основната идеја на проектот, а тоа се посети на музеи и природни локалитети од каде учениците добија информации за интересни легенди и приказни, а воедно гостите од партнерските училишта се запознаа со убавините и историјата на нашата земја.
Сите овие активности придонесоа до успешна реализација на основната цел на проектот, создавање на креативно и критичко размислување на учениците, како и подобрување на нивните вештини во изразување на англиски јазик.

Ученичкиот тим воден од одговорниот наставник – координатор на ученичкиот тим релизираше и дисеминациски настан, преку отворен Еразмус ден во подрачното училиште. Сите заинтересирани ученици можеа до го посетат настанот и да се запознаат со искуствата кои учениците ги добија како гости на мобилностите и како домаќини при посетата на партнерите.

Претставници на училишен ARGO тим:
1. Викторија Смилевска – Координатор на проектот
2. Лилјана Данилов – Координатор на тим ученици
3. Павлина Урдаревска – наставник по ангиски јазик
4. Анастасија Гоговска – наставник по англиски јазик
5. Андреја Стојанов – Директор на училиштето

**Проект „Биди Ин, биди ИНлкузивен, биди ИНклудиран“**

Проектот е финансиран од Европската Унија, а е поддржан од Фондацијата за образовни и културни иницијативи „ Чекор по чекор“ со своите партнери МОН; „ Инклузива“ и „ Хандимак“. Проектот овозможува учениците да добиваат туторска и стипендиска поддршка. а како дел од УИТ присуствуваше на тридневната обука како дел од проектната активност. Обуката имаше за цел да се подобрат училиштните инклузивни тимови.

Училиштето беше избрано за училиште кое континуирано се залага за унапредување на инклузивната практика и преку истата фондација доби и наставни средства и матерјали за работа со учениците со ПОП.

## ПРИЛОГ БР.12 НАТПРЕВАРИ

| Наставен предмет | Предметен наставник | | награди |
|---|---|---|---|
| **МАТЕМАТИКА** | 1.Јулија Митреска<br>2.Петар Филиповски<br>3.Сања Боцеска | 1.Општински<br>2.Општински,регионал ен и државен натпревар<br>3.Општински и регионален | 1.прва и втора награда<br>2.Општински натпревар, три први награди,две втори и една трета награда.Регионален натпревар една трета награда и две пофалници.Државен натпревар една пофалница.<br>3.Општински прва награда двајца ученици, втора награда двајца, трета награда шест ученици.<br>Регионален, двајца ученици пофалени. |
| **Физика** | Јулија Митреска | Општински,регионален | Две трети награди и две пофалници на регионален и успешно учество на државен натпревар. |
| **Англиски јазик** | 1.Лилјана Данилов<br>2.Анастасија Гоговска<br>3.Павлина Урдаревска | 1.Општински и регионален натпревар<br>2.Општински и регионален натпревар<br>3. Општински и регионален натпревар | 1. Општински две први и две втори места,регионален натпревар две први и две втори места<br>2.Општински и регионален едно трето место.<br>3.Општински натпревар двајца ученици прво место и еден учен трето место.Регионален натпревар двајца ученици второ место и еден ученик трето место. |
| **Музичко образование** | Вера Ангеловска | | |
| **Математика** | Билјана Младеновиќ<br>Кика Стојанова | 1.Општински натпревар<br>2.Регионален натпревар | Двајца ученици прво место и еден ученик второ место.<br>Регионален натпревар по математика: еден ученик освои трето место. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Техничко образование** | Марина Дуева | Општински и регионален натпревар<br><br>Државен натпревар | Прво место фототехника ,второ место фототехника и четврто место роботика<br><br>Пофалница за учество на државен натпревар(област фототехника) |
| **Информатика** | Бојана Мушкарска | Натпревар по информатика организиран од Алгоритам | учество |
| **Математика** | Јасмина Велсевска | Општински и регионален | 3 место општински<br><br>Пофалнца регионален |
| **Математика** | Билјана Балева<br><br>Светлана Симоновска | Општински и регионален | Едно прво место на општински и второ место еден и едно трето место<br><br>Регионален едно 2ро и едено 3ти регионален |

Согласно јавниот оглас на Општина Кисела Вода за талентирани ученици и спортисти во основните ученици, како и за најдобри наставници беа наградени:

Талентирани ученици: Искра Јанкова од 9-1 оддление, Леонора Богоевска од 4-2 одделение, Јасмина Татабитовска од 7-2 одделение, Кристијан Макрески од 4-2 одделение, Александра Делева од 7-1 одделение, Оливија Најдовска од 6-2 одделение;

Наградени спортисти : Ива Китановиќ од 9-3 одделение, Максимилијан Алексовски од 8-2 одделение, Јосиф Малински од 7-2 одделение, Филип Сребров од 8-1 одделение; Мила Огњановска од 5-1 одделение; Леонтиј Стојков од 4-2 одделение.

Наградени наставници : Петар Филиповски и Александра Ќурчиевска.

**ПРИЛОГ БР.13 АНАЛИЗА НА ПРАШАЛНИЦИ ЗА СОСТОЈБИТЕ СО НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО**

## ПРИЛОГ БР.14 СТАТИСТИКА

Наставничкиот совет на **ООУ ,, Кузман Јосифовски – Питу,“-** Општина Кисела Вода го разгледа и усвои Годишниот извештај за учебната 2021 / 2022 г. одржан на 01.07.2022 година.

***Директор***

___________________________________

***Андреја Стојанов***

***Претседател на Училишен одбор***

_________________________________________

***Горан Котевски***